Во Белград, во август 1904 година, бил извршен трет попис на Македонците што се занимавале со фурнаџилак. Од податоците се гледа дека сите тие биле членови на лебарскиот и фурнаџискиот еснаф во Белград. Според овие податоци, се гледа дека 112 Македонци во Белград се занимавале со овој занает. Двајца од овие Македонци биле устабашии на фурнаџискиот еснаф, 8 биле членови на Управниот одбор, додека 6 Македонци биле членови на надзорниот одбор на еснафот. Интересно е, исто така, да се забележи дека сите Македонци што се наоѓале во Србија и кои предимно, поради зулуми, ја напуштиле Македонија, биле занаетчии, а многу малку или сосем малку општи работници. Несомнено дека таквиот одлив на занаетчии од Македонија се одразувал негативно врз македонското стопанство.

*А. МАТКОВСКИ и П. АНГЕЛАКОВА*

# ПАТУВАЊАТА НА ФРАНЦУСКИОТ ПАТОПИСЕЦ ПОЛ ЛУКА НИЗ МАКЕДОНИЈА ОД 1704 И 1714 ГОДИНА

Досега не ѝ се обрнувало поголемо внимание на патописната литература, која, според нас, е мошне значајна за историјата на македонскиот народ. Таа е многу обемна и е пишувана скоро на сите европски јазици. Низ нашата земја патописци минувале во разни времиња и оставале разни податоци за она што виделе и чуле. Затоа нивното искажување и нивните податоци претставуваат еден вид историски извор, особено ако се потврдат и со други историски документи.

Со цел да се издадат по можност сите патописи или повеќето од нив што се однесуваат до Македонија, пристапивме кон нивното објавување.[1]) Целта ни е во еден подолг период да ги издадеме поинтересните, па дури и помалку интересните податописи.

Од таков вид е и овој патопис што се однесува до 1704 и 1714 година. Автор на овој патопис е Пол Лука (Paul Lucas). Овој француски патописец и археолог се родил на 31 август 1664 година во Руен, а умрел во Мадрид на 12 мај 1737 година. Син на златар, отпатувал на Блискиот исток со цел да тргува со драго камење и бижутерија. Имал смисла за патување и трговија. По Блискиот Исток патувал цели 48 години — од 1688 до 1736 година и повеќе

---

[1]) Еден сличен патопис веќе објавивме. Види: Д-р А. Матковски. Еден француски патеписец низ Македонија (1665—1669). Историја IV, 2, (1968), 126—138.

пати ги посетил: Истанбул, Грција, Смирна, Мала Азија, Египет, Сирија, Шпанија и Македонија.[2]) Од своите патувања во Франција однел многубројни старини: ракописи, антички монети и медали што му биле откупени од кабинетот на францускиот крал Луј XIV во 1696 година. Покрај тоа, тој однел во Франција и многубројни антички споменици што ги наоѓал на патувањата, а особено од Македонија, која била полна со антички старини и остатоци, па странците ги носеле за кабинетите и музеите на Западна Европа. Од Луј XIV тој добил назив „дворски старинар“ и му било наложено да го организира кабинетот за антички старини на шпанскиот крал.[3])

На своите патувања водел дневник и, како резултат од тоа, издал повеќе патописи кои и денеска се ценети, а бидејќи ги објавил во периодот меѓу 1704—1719 година, тие претставуваат раритет.

Овде ги даваме само оние делови од неговиот патопис што се однесуваат до Македонија. Тој патувал главно по крајбрежјето на Бело Море, и тоа во 1704 и во 1714 година. Податоците кои овде ги изнесуваме, а се однесуваат до 1704 година, земени се од „Voyage du sieur Paul Lucas fait par ordre du Roy dans Grèce, l'Asie Mineure, la Macedoine et l'Afrique. Publié par Etienne Fourmont, Paris, N. Simart, 1712, 2 vol. in-8°, кој се чува во Националната библиотека во Париз под сигнатура $8^0 0^2$ 54B. Оваа книга има две изданија: првото од 1710 под исти наслов и второто од 1712 година, и двете во Париз. Ние се служевме со поновото издание, каде што има и извесни корекции.

Податоците што се однесуваат до неговото патување од 1714 година се земени од „Voyage du sieur Paul Lucas fait en 1714 dans la Turquie, l'Asie, la Syrie, Palestine, Haut et Bas Egypte etc. Amsterdam, Steenhouwer et Uytwert, 1720, 2 tomes en 1 vol. in-$8^0$, а во Националната библиотека во Париз се води под сигнатура $8^0 0^3$ 61A. Ние се служевме со амстердамското издание од 1720, но има уште три изданија, и тоа две во Париз во 1719 и едно во Руен од 1724 година.

Овој значаен патописец, одличен познавач на античките вредности, не пропуштил да запише во својот дневник случки од секојдневниот живот и да го опише она што го видел како очевидец. Неговите патописни белешки се следниве:

---

[2]) La Grande Encyclopédie inventaire résonnée des sciences, des lettres et des arts par une société de savants et des gens de lettres. Tome vingt-deuxième, Paris, p. 727.

[3]) Larousse du XXe siècle en six volumes T. IV Paris, p. 541.

## I. ПАТУВАЊЕТО НА ПОЛ ЛУКА ОД 1704 ГОДИНА

### *Пристигање во Кавала и опис на ова место*

„(26)[4]) Бидејќи преминот на оваа река нѐ задржа долго време, ние преноќивме во Јени-Ќој[5]) оддалечен половина милја. Оттука излеговме на 20 ноември, еден час по полноќ за да одиме во Кавала која е на шест милји и некогаш била голем град на Македонија, на брегот од морето. Местоположбата ѝ е таква што е тешко да се заземе. Нејзиниот дворец е уште зачуван. Она што е најмаркантно, тоа е што на соседните планини и денес може да се видат долги и тврди ѕидови и повеќе тврдини кои сигурно биле направени за заштита на градот. Бевме изненадени од овие ѕидини остатоци што се протегаат до врвот на овие планини и за кои самата традиција на областа не може ништо особено да рече. Лесно е да се помисли дека имале да го затворат овој премин со разни крепости што не биле лесни за рушење. Она што е денеска најособено во Кавала, тоа се остатоци на еден аквредукт со дворедни аркади поставени едни врз други кои служеле за донесување вода во градот и во дворецот. Во полето се гледаат уште остатоци од кули што ја затворале оваа клисура чиишто патишта се многу тесни... (28) По три часа одење, пристигнавме во Правест,[6]) голем град каде што се произведува барут, бомби, и ѓулиња за службата на султанот. На 8 милји оттука го најдовме гратчето Орфан[7]), на морскиот брег. На ова место се гледа стар дворец, чија архитектура докажува дека бил изграден во времето на Римјаните кога тие биле господари на областа. На 22 ноември, по 9 часа патување, низ планините пристигнавме во Базареут[8]), а на 8 милји оттука е Куртијаш. Сиве овие места се населени со христијани од грчка религија... (30) Треба да напомeнеме дека во Македонија скоро сите села се полни со христијани и има многу малку Турци. Оваа област сега е пуста, инаку би била многу убава ако добро се обработува. Жителите се толку мрзливи што се задоволни ако живеат во скромност, бидејќи знаат — ако се обогатат, нивната работна сила и нивниот личен данок би се зголемиле и тие би биле постојано изложени на турско понижување...

### *Опис на Македонија*

(32) Оваа област на Грција се протега од северниот брег на заливот Контеса до дното на заливот Негрепоит.[9]) (33) Планините Олимп,[10]) Пе-

---

[4]) Бројките во заграда ја означуваат страницата во патописот.
[5]) Јени-Ќој — Село североисточно од Кавала.
[6]) Местото Правишта, западно од Кавала.
[7]) Орфан-гратче кај Орфански Залив.
[8]) Местото Пазаруда, јужно од Бешиското Езеро.
[9]) Негрепонт — грчки остров во Бело Море. Се вика уште и Евбеа, се наоѓа на источното крајбрежје од полуостровот Атика.
[10]) Планина во Грција меѓу Македонија и Тесалија покрај Солунскиот Залив.

лион [11]), Оса[12]) и Пинд[13]) ја делат од Романија и Бугарија на север, од Албанија на запад, од Ливадија[14]) на југ, и на исток е Архипелагот кој овде образува повеќе заливи. Најзначајни реки се: Аксиус[15]), Еригон[16]), Алијакмон [17]) и Пене.[18]) Денес таа е поделена на четири дела-области: Македонија, Јамболија, Коменилитарија и Јана, која била стара Тесалија.[19]) Оваа земја, некогаш толку напредна, особено при владеењето на Филип и Александар Велики, денес е многу пропадната и грчките христијани кои тука живеат, живеат во голема беда. Што е тука најзначајно, тоа е планината Атос, наречена денес Монте Санто, која се протега кон морето во вид на полуостров. Има околу 23 или 24 манастири, полни со грчки калуѓери и монаси што ја обработуваат земјата и живеат од сопствен труд. (34) Најзначајниот град е Солун, некогашен Тесалоник, сместен во подножјето на заливот што го носи истото име и кој е седиште на пашата, испратен од султанот. Македонија имала повеќе суверени; Римјаните станале господари при владеењето на Персе[20]), нивниот последен крал, потоа таа попаднала под турска доминација во времето на Бајазит I. Други градови се: Касандрија[21]), Кавала, Емборе[22]), Јана, Лариса, Трикала и др.

## *Сегашната состојба на Солун*

(36) Градот Солун е еден од најголемите и најпрочуените градови на Европска Турција. Тој има еден ептапиргион, т.е. една тврдина со седум кули како во Константинопол. (37) Грците се тука многубројни и нивниот архиепископ е најбогат во Македонија. Има исто така и крупни трговци. Христијаните бројат околу 10 000, Евреите 30 000, имаат 22 синагоги и тие ја вршат целата трговија. Бидејќи се силни индустријалци, двајца големи везири редоследно им застанале на чело, за да ги принудат да произведуваат француски

---

[11]) Пелион — планина во Источна Тесалија, покрај беломорскиот брег и Волоскиот Залив.

[12]) Оса — античко име на една планина во Грција на југ од Тесалија, покрај беломорското крајбрежје.

[13]) Пинд — планина во Грција помеѓу Тесалија и Епир.

[14]) Ливадија — град во Грција во Беотија.

[15]) Аксиус — антички назив за реката Вардар.

[16]) Еригон — античко име на Црна Река во Македонија.

[17]) Алијакмон — античко име на реката Бистрица во Егејска Македонија.

[18]) Пене — античко име на река што поминува низ градот Лариса.

[19]) Од ова се гледа дека авторот ја смета Македонија за грчка област и ја поставува многу по на југ отколку што е денес. Дури и во почетокот на XVIII век на многумина учени од Западна Европа уште не им било јасно што е Македонија и каде токму се наоѓала. Тие се поведувале по античкото разбирање на Македонија и оттука се гледа дека за нив овој поим уште бил неодреден. Интересно е и како авторот ја дели Македонија на споменатите четири области.

[20]) Персе-Персеј, последен цар на античка Македонија, син на Филип, V. Царувал од 178 до 168 пред нашата ера. Умрел како пленик во Рим.

[21]) Касандра — гратче на полуостровот Касандра.

[22]) Емборе — гратче недалеку од Кајларе, во Егејска Македонија.

ткаенини во нивните манифактури та Турција да се ослободи од странското влијание; и покрај извесните расходи што биле направени и покрај мерките што ги презеле, тие никогаш не успеале. Меѓутоа, тие доста добро ги продаваат своите груби платна на султанот, со што тој ги облекува своите трупи. Бројот на Французите во Солун не е толку голем колку во Константинопол и Смирна. Господинот Бозмон, конзул на Франција, е човек со видна заслуга и султанот му дозволил, по желба на грофот Десаер, да отвори една публична капела, во која би служеле свештеници језуити. Свештеникот Банконио, познат мисионер на оваа компанија, направил големи добрини било в град било на село. Тој одел често до тврдината на Кавала (која го носи ова име поради нејзиниот коњски изглед).[23]) Тој ја посетувал планината Атос и островите на Солунскиот Залив. Французите овде вршат голема трговија на восок, волна и црн дроб, исто така на жито и тутун, кои се обработуваат во голема мера. Солун е управуван од три лица: пашата, молата и јаничарскиот ага секој има свој личен суд, благодарение на што брзо се свршуваат судските процеси. Би било пожелно да се испратат голем број мисионери во Македонија...

### *Враќање во Константинопол*

(41) На деветти јануари преноќевав во Куртијаш, село на катарџии[24]), така се викаат што се одредени за водење каравани. Ова место се наоѓа во една планина, до која има еден аквéдукт што ги спроведува водите до Солун, преку канали поставени на самата земја, и кои се покриени со каменни плочи без цемент. Куртијаш е населен само од христијани кои имаат две цркви. Ноќевањето е кај катарџиите кои најубаво го гостат караванот. На излегување оттука, има една висока планина што треба да се искачи. Особено симнувањето е многу тешко. По три часа стасавме во рамницата, каде што најдовме две големи езера по обем повеќе од 30 000. Тука најдовме остатоци од една стара црква посветена на Богородица.

## II. ПАТУВАЊЕТО НА ПОЛ ЛУКА ОД 1714 ГОДИНА

### *Опис на Драма*

(252) На дванаесетти заминавме в зори. Четири часа преминувавме тешкопреодни планини полни со бездни. Кога пристигнавме до реката Кара-Су, ја поминавме со една голема лотка и цел ден одевме низ една широка рамница што нè доведе до Драма.

Овој град е мал, но многу убав. Има седум џамии со минариња. Тука постои исто така една тврдина, која изгледа некогаш била значајна и една од најјаките, но бидејќи не се посветило големо внимание на поправки, таа

---

[23]) На италијански „кавало" значи коњ.
[24]) Катар на турски значи маска. Катарџии се оние што ги водат маските.

се руши малку по малку од сите страни. Грците имаат една црква во Драма. Отидов да ја посетам. Таа е многу бедна и слабо одржувана, иако претставува седиштe на митрополит. (253) Се знае дека во Грција, барем засега, големите црковни должности имаат незначајни приходи. Во оваа црква забележав една многу убава статуа од Херкул. Таа е од прекрасен бел мермер и служи за пиедестал на еден дрвен столб што држи една галерија. Повеќе од половината е во земја. Јас сигурно би ја купил таа статуа доколку митрополитот се наоѓаше тогаш во Драма. Во негова отсутност никој немал право да зема нешто од црквата и затоа ми беше жал да ја оставам статуата, која толку ми се допаѓаше. Но, сепак, се надевав на едно друго патување.

Оттука отидов да видам една стара кула, која е сѐ уште цела. Таа е изградена од најубави коменни плочи. На повеќе мермерни плочи има натписи кои сигурно би нѐ запознале со историјата на Драма или со војните на овие провинции, Доколку можев да ги препишам. Во кулата живееше еден суеверен Турчин поради што моите желби останаа неисполнети. Тој тврдеше дека во кулата имало некое благо и натписите го одбележувале местото каде што тоа било скриено. (254) Тоа е манија на повеќе Турци и христијани од оваа област. Писмо што не можат да го прочитаат или разберат, за нив претставува тајна за некое скриено благо или тајна за каменот на мудроста. Понекогаш, изложувајќи се на повеќе опасности, ќе успеевме да прочитаме барем четири реда. Со тоа писмо, кое ниеден од нив не го разбираше, тие сметаа дека би им се откриле богатствата. Залудо му нудев пари на турскиот чувар. Тој, беше уверен дека му давам малку за да добијам повеќе. Иако му ветив дека ќе му го дадам сето богатство, тој категорички ме одби.

Во Драма има и други урнатини што покажуваат дека градот бил многу значаен. И денес се гледаат многубројни и големи базени од стари времиња. Тие се полни со вода и се гледаат извори на истите места. Два од нив се покриени со мермер. Оттаму влегов во еден двор опколен со стари ѕидови, каде што некогаш биле убави градини. (255) Потоа посетив едно место опколено со амфитеатри. На ова место се приредувале игри и вежби. Низ градот течат повеќе потоци чијашто вода е многу бистра. Секоја недела на ова место има пазар каде што се продаваат разни видови продукти. Има, исто така, еден часовник што ги отчукува часовите како во Филипополис.[25]) По овој опис може да се види колку е градот пријатен и колку потребни работи можат во него да се најдат. Тоа се предности со кои се наголемува бројот на жителите, иако на многу места има огромни урнатини.

---

[25]) За постоење на повеќе градски часовници види: Д-р А. Матковски, ц. д. стр. 130.

*Урнатини од стариот град Филипи. Орфан и Солун. Триумфални капии, џамии, цркви, Света Софија, гробницата на Евтихиј*

(256) Во Драма ми рекоа дека се наоѓам недалеку од стариот град Филипи.[26]) На петнаесетти тргнав на пат за Филипи. По пет часа одење по рамницата за која ви зборував, пристигнав до урнатините. Денешните Грци овој град го викаат Филипиги, што значи земја на Филип. Најпрво забележавме дворец лево од нас, изграден на една планина, доста голем, чиишто ѕидови се скоро сите зачувани. На разни висинки, на самата планина каде што е дворецот, се издигаат повеќе други тврдини поврзани помеѓу себе. Оттука повеќе ѕидови се протегаат до рамницата.

(257) Кога пристигнавме во Филипи, најпрво наидовме на тврди мермерни камења, без да сретнеме некој остаток од градба. Најпосле видовме неколку срушени згради, помеѓу кои се наоѓаа и убави храмови покриени со бел мермер; прекрасни палати чиишто остатоци ни даваат една широка идеја за старата архитектура и многу други споменици подигнати во чест на повеќе владетели кои тука владееле. Одевме така низ овие урнатини околу еден и пол час...

На две милји од Филипи, по рамницата влеговме во селото Макелаш, да преноќиме. (258) На шеснаесетти заминавме в зори и се упативме на југ и, по три часа, стасавме во градот Праве.[27]) Тука се задржавме неколку часа поради дожд. Оттука, по поле, стигнавме во Орфан, кој сега претставува село, некогаш сигурно бил голем и значаен град. Тука може да се види еден многу убав дворец што е во пропаѓање. На седумнаесетти рано изутрина, минавме покрај Марин и, по два часа, поминавме една широка река наречена Бурус.[28]) кога излеговме на брегот, пред нас се протегаше ливада покриена со грмушки, и тоа на една и пол милја. Оттука поминавме шума со високи дрвоја. Најпосле откривме едно езеро, наречено Бујукбаши[29]), го обиколивме и забележавме дека има обем од 40 000. На ова езеро пловат бродови и е доста богато со риби. Не поминавме повеќе од две милји кога, близу до Лангаз[30]), најдовме друго помало езеро наречено Кушубеши[31]), каде што преноќивме недалеку од брегот.

(259) На осумнаесетти в зори заминавме и одевме скоро три часа вдолж езерото Кушубеши. Поради големите приливи и одливи, патиштата, ни изгледаа многу тешки и заморни. Се одморивме малку време под дрвјата, а потоа цел час искачувавме една многу стрмна планина од чијшто врв се

---

[26]) Филипи- — некогашен град во Источна Македонија, покрај беломорскиот брег. Филип Македонски го одзел од Тракијците и по свое име, го нарекол Филипи. Турците го нарекле Караџа-Ќој. Се наоѓа меѓу Драма и Кавала.

[27]) Т. е. местото Правиша.

[28]) Реката Струма во долниот тек, по излезот од езерото Тахино до влевање во морето.

[29]) Бешикско Езеро.

[30]) Т. е. Лангадикија.

[31]) Лагадинско Езеро.

симнавме во градот Солун. Тука отидовме да го најдеме господинот Арно, француски конзул. Му го предадов писмото од грофот Понтшартрен и му го покажав циркуларното писмо од амбасадорот. Тој љубезно ме дочека, ми даде една соба и, покрај тоа, ми понуди безброј други услуги.

Солун некогаш бил доста голем и многу убав град. Постојат и денес многу убави триумфални порти, но сите се во урнатини освен една, што е скоро цела и во неа има уште многу убави статуи од Антониј[32]), што значи дека оваа порта била изградена во негова чест. Во целиот град, па и во околината се среќаваат огромни столбови. (260) Денес градот е обиколен со јаки ѕидови. Има и повеќе убави џамии, некогашни цркви. Најпрочуената е онаа што христијаните пред Турската Империја ја нарекле Св. Димитриј. Тоа е еден убав брод со убави столбови од мермер, јаспис и порфир. Ова убаво здание е придружено со друго, слично по убавина на првото. Не ми дозволија да го видам бидејќи таму имаше жени што работеа. Ми рекоа дека во овие два дела на црквата, кои се еден врз друг, има повеќе од илјада убави столбови. На подот на горната црква имаше некогаш мозаик. Местото одредено за хорот ја имаше најубавата архитектура. Меѓу два столба на една гробница подигната на околу 15 стапала и потпрена спроти ѕидот најдов еден натпис во грчки стихови. (261) Оттаму поминавме во Ротонд. Тоа е многу убав храм, но не му е рамен на римскиот. Овој храм е соѕидан само од тули, бродот е убав и некогаш бил многу раскошен. Тука уште се гледаат остатоци од мозаици. Се качив горе и го обиколив. Скалите што водеа горе беа вешто вдлабнати во ѕидот, и тоа без да се забележат. Треба да се признае дека скалите биле мошне дебели. Некогаш тука имало повеќе убави подземни канали од кои може уште да се видат влезовите. Тие се исполнети со камења и со отпадоци, така што не можев да појдам да ги видам. Отидов исто така да ја посетам џамијата која уште се вика Света Софија. Таа е многу убава и, истовремено, многу пространа. Камбанаријате стои уште и е направена од резани камења и тули, како и другиот дел од зградата. Тука ми рекоа за една необична историја. Кога Турците станале господари на Солун, првата работа што ја направиле им била да ги заземат јавните згради, а главно црквите, со која цел дошле и до Света Софија. (262) Сите калуѓери побегнале, освен еден што не сакал да ја напушти црквата. Добриот монах им рекол храбро на овие варвари дека црквата е негова куќа и дека побргу би умрел отколку да ја напушти. По големо спротивставување, бил нападнат и, бидејќи бил обиколен од сите страни, се засолнил во камбанаријата. Но Турците, засрамени од тој човек, за да им дадат пример на жителите, му ја пресекле главата и ја фрлиле преку еден прозорец од камбанаријата. (263) Најпосле отидовме во грчката црква, која е прилично убава. Има повеќе цркви, сите се од мермер и на нив се наоѓаат релјефи и натписи: Во грчката црква, која најпрво ја

[32]) Антониј Марк, римски полководец и триумвир од 83 до 30 година пред нашата ера. Бил господар на Рим и го формирал вториот триумвират. Заедно со Октавиј, кај гратчето Филипи (од Турците наречен Караџа-Ќој), тој ги разбил Брут и Касиј, убијците на Јулиј Цезар. Вљубен во Клеопатра и опсаден во Александрија од Октавијан каде што и се убил во 30 година.

посстивме, се наоѓа гробницата на Евтихиј[33]), противник на Нестор. ) Најдов во градот неколку сребрени медали. За да ги добијам, требаше да се занимавам со медицина бидејќи не беа расположени ни да ги дадат ни да ги продадат. Бев, значи, лекар, но лекар со доверба и вкус. Се занимавав само со женски болести, па дури одев да ги видам значајните, најубавите и најлубезните жени, под услов да ми најдат стари медали. Доколку не добијам медали нема ни лекување. Тука си поминав многу убаво и добив сѐ што ми беше по желба. Што не би направиле за своето здравје?

### *Патување на Света Гора, т.е. на планината Атос*

(264) Се задржав подолго време во Солун, град недалеку од Света Гора, т.е. од планината Атос, толку позната кај старите поети по својата височина и толку значајна меѓу современите Грци по бројот на пустињаците и монасите кои таму живеат. Решив да појдам таму и да направам една обиколка. Мојата љубопитност не би била задоволна ако со мои очи не ги видев тие работи за кои претходно ми зборуваа. Ја обиколив за повеќе дена оваа толку позната пустина. Можам, дури, да речам дека останаа сосем малку места што не ги посетив. Меѓу нив е и една капела на врвот од планината каде што никогаш никој и не одел. Кога се качив горе, имаше уште многу снег, но бидејќи беше во најубавото време од годината, тој беше исчезнал скоро насекаде. Само на северната страна уште стоеше. Врвот е од стрмна карпа без дрвја, каде што снегот не се задржува долго време, освен во падините. (265) Оттаму, откако поминавме неколку падини засолнети од сонце, пристигнавме во капела што се наоѓа на една планина, доста висока. Калуѓерите кои таму живеат ја посветиле на Преображение и разбрав дека таму многу свет ноќува на шести август и се одржува миса. Местото изгледаше добро одржано, иако посетувано само преку летото. Зградата не е ништо особено, само што се наоѓа на такво место каде тешко се замислува градба на една капела бидејќи не може да престојува ниеден час без оган.

Она што географите го наречуваат Света Гора тоа не е само планината Атос, туку и сите планински вериги што ја поврзуваат оваа планина со Македонија. Овие планински вериги имаат должина од 7 до 8, а широчина 3 до 4 милји. (266) Грците (одкаде сигурно географите го зеле називот) ги викаат овие планински вериги , “, т.е. Света Гора, но кога зборуваат посебно за таа планина, тие и денес ја наречуваат Атос. Од дваесетте манас-

---

[33]) Евтихиј — цариградски патријарх за време на царот Јустиниан, противник на Нестор.

[34]) Нестор — цариградски патријарх според кого се нарекла сектата несторијанство. Според ова учење, Исус бил обичен човек и во него е само внесено божјето слово Затоа Нестор Исус не го викал богочовек, туку богоносец и во него разликувал две суштества: божествено и човечко, а Дева Марија била мајка на човечкото, а не на божественото, кај Исус. Ово учење било осудено на Ефескиот вселенски собор во 431 година.

тири што се среќаваат во оваа осаменост, има само еден познат и го носи името Света Лавра, единствен признат на оваа планина. Овој манастир е најголем и најбогат од сите, па можеме дури да речеме дека само тој е признат за свет и општ за сите бидејќи од него сите други манастири зеле пример и ги добиле правилата за монашки живот.

Овие манастири имаат повеќе изглед на тврдини отколку на калуѓерски куќи. Тие се обиколени со ѕидови, заштитени со кули или поткрепени само со една куличка и снабдени со артилерија и други потреби за силна одбрана. Тие паметно презеле мерки против нападите од страна на пиратите на кои се изложени од две страни. (267) Бидејќи повеќе од овие манастири се изградени на пет или шест ката, живеалиштата и собите се големи и многубројни, но распоредот ми изгледаше мошне лош. Единствено црквите ми се допаднаа. Тие се толку убави што не би можело повеќе да се очекува од Грци. Поплочани се со мермер и со неколку мозаици. Покриени се со олово што свети на сонцето како сребро. Ѕидовите се украсени со убав живопис. Повеќето од овие цркви имаат околу пет куполи, подржувани од многу убави столбови. Поради тоа, таму каде што доминира христијанската религија, овие грчки цркви би се сметале за најпретставителни.

Во поглед на големина, повеќето од нив не се многу пространи и се делат на четири дела. Првиот дел е еден вид галерија или атриум; вториот претставува коридор; третиот, кој е најголем, служи за хорот и во него има клупи за свештениците и за некои одредени лица и, најпосле, четвртиот дел е олтарот каде што се одржува мисата. Тука само свештеникот има пристап. (268) Сево ова е солидно изградено, поткрепено со сводови и вајано од горнит дел па сè додолу. Покрај сево ова, има и убави икони, дојдени повеќето од Москва каде што вкусот за уметност е доста добар, па дури подобар од оној во Грција.

Овие манастири не биле изградени само од Грците. Четири од нив ги признаваат Бугарите за нивни основачи и тие се населени само од бугарски монаси. Два други биле изградени и подржувани од принцови од Иберија[35]) и Мингрелија.[36]) Денес е мал бројот на калуѓерите од овие две нации. Најпосле, има еден изграден од Русите и од Козаците и тука не може да биде примен калуѓер од друга нација. Овој манастир е многу беден. Сите други датираат од времето на Константин[37]) или од времето на неговите деца, но во нивните цркви зборуваат само за неколку неодамнешни императори. Некои од нив ги спомнуваат само војводите, од Влашка и Молдавија. (269) Така оваа претенциозна старина, која тие ја рекламираат (сигурно затоа да бидат што повеќе препорачливи), може да ги восхити само оние што се скромни и не се вдлабочуваат во нештата. Имињата со кои ги означуваат нивните манастири се скоро сите чудни. Тие и самите не го знаат значењето, иако

---

[35]) Стар назив на Шпанија.

[36]) Стар назив за Грузија.

[37]) Константин I Велики, римски император 274—337. Ја зацврстил победата на христијанството и го преместил седиштето во Константинопол, кој така се нарекол по негово име.

оттука произлегуваат безброј бајки од кои едната ја негира другата или кои немаат ни најмала сличност помеѓу себе.

Поточно речено, помеѓу овие манастири не постои никаква поврзаност и зависност. Би можело да се каже дека само религијата ги поврзува овие различни органи во една целина. Во центарот на овие манастири има еден град наречен Карјарб, каде што секоја сабота има пазар. Тука живее епископот, но тој нема никаква јурисдикција, врз монасите и може да оди кај нив и да им ги пренесе наредбите само тогаш кога е повикан, бидејќи монасите сметаат дека можат да примаат наредби од епископот само кога тие сакаат. Црквата на Карјарб го носи називот Акротатон, што значи „многу висока". (27) Во неа служат монаси дојдени од главните манастири.

На планината Атос има уште една значајна црква со името Света Ана. Тоа е местото каде што пустињаците се собираат и се молат, т.е. оние кои во ова планина живеат како Анахорети.[38]) Ги има околу 50 или 60, од кои некои живеат наполно одвоени од човечкиот род, другите живеат по двајца заедно. Нивните ќелии четириесет на број, сѐ во една страшна осаменост, чијшто изглед предизвикува одвратност. Овие анахорети изразуваат повеќе набожност и преданост од другите. Тие живеат од својот сопствен труд, според примерот на старите монаси. Имаат еден управител што го викаат „дицаиос", што значи праведен. Овој дицаиос зависи лично од игуменот на Света Лавра бидејќи нивните ќелии се изградени на плацот на овој манастир. Другите манастири имаат исто така на своја територија неколку мали цркви придружени со една населба. (271) Имаат право што овие населби ги викаат „ќелии", бидејќи тоа се еден вид фарми каде што има еден или двајца калуѓери кои ја обработуваат земјата и зависат од манастирите на кои им даваат извесна сума секоја година, како рента. Монасите имаат, дури, право по смртта да го земат профитот што го стекнале за време својот живот, т.е. приходот од нивната работа се враќа секогаш на манастирот.

Сите овие калуѓери редовно ги исполнуваат трите правила на дисциплината: првото е крајно воздржување за што се проповеда на секој разговор и чиешто исполнување е претерано; второто е да се пренојќува повеќепати во годината во црквата, и тоа со молење или пеење пофалби во чест на бога или парастоси, како што ги викале во првите времиња на христијанизмот; третата е да не се прими ниедна жена на нивната планина. Некои од нив сметаат да примат во слободно време (како што и сега имаат) млади ѓакони на кои им ги читаат старите автори. (272) Подвлекуваат дека некогаш имало одвоена зграда за воспитување на овие млади луѓе и дека тие биле управувани од старци со една примерна побожност. Но ништо не треба да нѐ чуди во врска со дисциплината во манастирот и кај другите големи заедници составени од повеќе лица чиишто обичаи се разликуваат како и самите области, и тоа особено при преминот од еден во друг век. Времето изопачува сѐ, па дури и вистината, која обично чудно ја прикрива."

---

[38]) Анахорет — црковно лице што живее изолирано, пустињак. Првиот анахорет бил свети Павле Тивиски, кој се изолирал во Теваида во 250 год. по нашата ера. Неговиот пример го следеле свети Антониј, но во негово време веќе пустињачкиот живот бил заменет со заеднички живот, во братство.